**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 04. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2285 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, и тоа:

   - изданието бр. 2 на магазинот „Добра храна" за април 2019 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 16 април 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.*"

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, во изданието бр. 2 на магазинот „Добра храна" за април 2019 година, во целост ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***